*В. Кушевски*

# СТАРОГРЧКОТО ОПШТЕСТВО СПОРЕД ОПИСОТ НА ШТИТОТ НА АХИЛА ВО „ИЛИЈАДАТА"

**(Пример на обработена наставна единица со текст-метода во I клас гимназија)**

Во историската настава одамна се познати предностите на работата со историскиот текст, посебно во училиштата од втора степен.[1]) Оваа наставна метода ја применуваме за обработка или за утврдување на оној наставен материјал за којшто е неопходно поголемо конкретизирање за да може истиот подобро да се разбере од учениците. Така на пример, од нашето наставничко искуство познато ни е дека за учениците се потешки за разбирање, односно за усвојување обично оние партии од наставната програма, кадешто се работи за преод од една во друга општествено-економска формација, при што се јавуваат нови понапредни општествено-производни односи и нивните носители, а кадешто се уште се присутни и старите такви.

Една од овие партии е процесот на распаѓањето на Родовско-племенските и зародувањето на робовладетелските општествени односи. Бидејќи со овој неопходен наставен материјал „се среќаваме" почесто во текот на наставниот процес,[2]) во нашата наставна практика сме му посветувале посебни часови, обидувајќи се да го разработиме со помошта на споменатата наставна метода. Ние сметаме дека со таквиот начин на работа, сме успеале на учениците повеќе да им го доближиме овој тежок материјал којшто им станал поразбирлив, а со тоа и поинтересен.

При изборот на текст — за којшто, патем речено, постојат широки можности — ние сме се определиле на одбраните делови, односно стихови од познатиот „опис" на штитот на Ахил во XVIII-тата песна на „Илијадата".[3]) Освен ова, задржувањето на ова дело на древна Грција, покрај автентичноста на неговиот текст (стиховите), има и друго воспитно и образовно значење, што донекаде ќе се согледа подолу. Имено и тој факт ни го зголеми нашето уверување во правилноста на изборот на дотичното место од „Илијадата" за обработка на односниот наставен материјал.

За остварувањето на поставената цел, откако е изминат материјалот за природно-географските услови на Стара Грција, за Критско-Микенската култура, како и за племињата што ја населувале тогашна Грција,[4]) закажавме посебен час за обработување на одбраните делови од XVIII-та песна на „Илијадата". Но претходно со учениците се договоривме: како домашна задача

---

[1]) Лейбенгруб П. С., Дидактическые требование к уроку истории в средней школе, Москва 1960, стр. 150.

[2]) При обработувањето на партиите за првобитното општество, Стариот Исток, Стара Грција, Рим, а подоцна и во партиите за наездата на варварите на Запад, за распаѓањето на нивниот родовско-племенски поредок и појава на државноста кај нив, вклучувајќи ги овде и Јужните Словени и др.

[3]) Според преводот на македонски јазик од Михаил Петрушевски, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

[4]) Исто така учениците се запознати и со Тројанската војна.

да ги прочитаат и разберат Хомеровите стихови за да се одговори на прашањето: што ни говори описот на штитот на Ахила во „Илијадата", а кое ќе биде главен предмет на разгледување на наредниот час по историја.[5])

На договорениот час за анализирањето на Хомеровите стихови, разговорот што го започнавме со учениците се одвиваше мошне живо. Се покажа дека при читањето на дадените им стихови, дел од учениците си забележиле посебни прашања на кои бараа да им се одговори. Откако ги чувме тие прашања, кои беа во врска и со целта на часот, им ветивме дека ним ќе им биде одговорено во текст на нашиот разговор. Се разбира, имаше прашања, кои иако не беа директно поврзани со поставената цел, сепак, можеа да бидат вклучени во содржината на часот. Но претходно моравме да им дадеме на некои прашања хронолошко-последователен ред.

Така најнапред се задржавме на прашањето што го постави група од три ученички, кои заедно ги разгледувале дадените стихови:

Ученичка:

Ве молиме да ни кажете нешто повеќе за „Илијада" и „Одисеја", бидејќи на едно место прочитавме дека е тоа големо поетско дело за кое некои сметаат дека е „нешто најубаво што светот го има"?

Наставникот:

Ние и порано говоревме дека Старите народи (Египтјаните, Асирците, Вавилонците, Феничаните и други), му оставиле на човештвото во наследство многу нешта. Во тој поглед треба посебно да се истакнат и Старите Грци. Да ве потсетам на пример, на XVIII-те Олимпијски игри, кои минатата година беа одржани во Токио, главниот град на Јапонија.

Ученик (поттикнат од спортскиот интерес):

Да, некогаш нив ги одржувале Старите Грци секоја четврта година во Олимпија, кадешто одбраните нивни натпреварувачки се среќавале, за да си ги одмерат силите во трчањето, скокањето во далечина, фрлањето на копје, дискосот и др.

Наставникот:

Ете гледате ,така и современото човештво го практикува ваквото омилено среќавање на спортистите од целиот свет. Покрај чисто спортскиот карактер, современите Олимписки игри имаат и една своја повисока идеја (за разлика од старогрчките олимпијади на кои имаа право да учествуваат само слободните Грци од машки пол): заемно запознавање, разбирање и зближување на народните од сите раси кои треба да живеат во мир и пријателство.

---

[5]) Бидејќи учениците не располагаа со доволен број примероци од спомнатиот превод на „Илијадата", одбраните стихови беа размножени на циклостил. Со оглед на специфичноста на Хомеровите стихови, побаравме секој ученик на самиот час да има пред себеси по еден примерок од истите.

Се разбира, старогрчките Олимпијади не се единствени на кои се восхитуваме и дури ја продолжуваме нивната традиција. Покрај другото, Старите Грци се значајни и по нивниот богат јазик кој тие умееја да го употребуваат низ различни, а дотогаш непознати начини. На пример, тие беа првите од чија средина се појавија големите говорници (оратори), кои говореа на јавни собири. И денешните познати говорници се учат од некогашните старограчки оратори.

Но, старите Грци создадоа и нови лиературни форми, а особено во поезијата. Езе, токму од нив ни се сочувани и двата најголеми спева „Илијада" и „Одисеја", што се сметаат за најстари паметници на старогрчката литература-

Ученик:

Ве молам, а кога се создадени овие спевови?

Наставникот:

Ова е мошне интересно прашање, што се уште е предмет на проучување од страна на многубројни научници. Но повеќето од нив мислат дека тие настанале пред повеќе од триесет века. Според преданието нив ги создал еден од најстарите старогрчки поети, слепиот Хомер, а подоцна се и запишани. На тој оачин, тие се сочувани од заборав и се оставени на многу поколенија да се воодушевуваат и научат од нив многу нешта.

Но, да поставам и јас едно прашање: што се раскажува во овие спевови?

Ученик:

Во „Илијадата" Хомер пее за 10-годишната Тројанска војна, за борбите и двобоите помеѓу славните херои, а најмногу за Хектор и Ахил: борбите се водат под опсадената Троја. Во „Одисеја" пак, се опеани скитањата и доживувањата на Одисеј, едниот од јунаците од оваа војна, се до неговото враќање во својот дом. Обата спева имаат по 24 песни и преку 27.800 стихови, што говори дека се тоа навистина два големи спева.

Наставникот:

Да, но големината на делото не треба да се мери само низ бројот на стиховите. . . „Илијада" и „Одисеја" ние ги цениме пред се како големо поетско, литературно дело. Освен тоа, тие се предмет на проучувања од други научници: етнолози, социолози, археолози и други. Иако настаните, што се опишани во нив, се преплетуваат и со фантастични и мистични работи, како што е на пример, учеството на боговите во војната и сл., „Илијада" и „Одисеја" имаат за нас вредност и како историски паметник. Имено, овој Хомеров епос ни дава можност поблиску да ги запознаеме старите Грци, нивниот, општинско-племенски поредок. Зашто, Хомер, секако, не можел да пее за облакодери, железници, автомобили или за авиони. Тој ги прикажувал луѓето и нивниот живот онаков каков што бил пред повеќе од триесет века. Тоа го

овозможуваат поодделните описи или сцени од обичаите, работните процеси, верувањата, облеката, вооружувањето и други на старите Грци што ги наоѓаме во овие песни.

Едно од таквите места е XVIII-тата песна на „Илијада". (Сега ние им поставивме прашање на учениците:) А што се раскажува во оваа песна?

Ученичка:

По загинувањето на Патрокло, најомилениот другар на Ахила, од раката на Хектор, Тројанците го заплениле Ахиловото оружје со кое се борел Патрокло. Штом разбрал за смртта на својот побратим, Ахил паднал во очај и од жал за него плачел, сторил жални викотници. . . налутен и гневен, Ахил решил да влезе во бој, сакајќи да му се одмазди на Хектор, кој го погубил Патрокла. Ахиловата мајка, морската богиња Тетида, ги чула од морските длабочини, тагувањата и желбите на синот и за одмазда. . . таа доаѓа кај него, и го теши ветувајќи му дека ќе отиде на Олимп кај Хефеста, богот на огнот и ковачкиот занает, и ќе го замоли да му искова ново оружје. Хефест излегува во пресрет на молбата на Тетида и за една ноќ го изработува оружјето за Ахила.

Наставникот: (со цел да го сврти вниманието на целта — содржината на часот):

Но, централно место во оваа песна е изработувањето на Ахиловиот штит, при што Хомер на еден вонреден начин ни го претставува божеството Хефест, како првокласен мајстор-ковач, кој на надворешната страна на штитот изработил прекрасен метален украс. (За натамошното развивање на часот поставивме наредно прашање:) А дали сте разбрале каков бил тој штит и како „го исковал" Хефест?

Ученик:

Не ни се сосем јасни овие стихови; кои говорат за петте пластови:

„Пластови имаше пет на самиот штит, а пак на нив направи мајсторски дела со својата умштина многу. . ."

Наставникот:

Интересно е како старогрчките ковачи некогаш ги исработувале штитовите. Овие пет пластови или металните плочи биле ставени и ковани една врз друга, така што најдолната плоча била најголема, а најгорната, најмала. Ова било така работено, што штитот добил цврстина и не можело секое копје, стрела или меч да го пробијат. . . Така ставени, сите плочи не можеле да се видат. Целосно се гледала само најгорната плоча, додека од подолните плочи се гледале нивните пошироки, тркалезни страни како широки прстени.

Ете гледате, токму таа, видливата површина на плочите била украсена преку одливи или врезување на металот, што поетот го нарекол „мајсторско дело" на „олимпискиот ковач Хефест". Сето тоа така е прикажано во стиховите, што ние преку нив гледаме пред себе еден минијатурен старо-

грчки свет од пред 30 века. Впрочем, вие сте ги читале овие Хомерови стихови... Што сте забележале, што најмногу ви оставило силен впечаток?

Ученичка:

Мене ме заинтересираа стиховите во кои се опишуваат Старите Грци како земјоделци и се зборува за начинот како орале и жниеле пред околу 3000 години. Еве на пример, како според Хомера, Хефст „ја претставил. . . нивата" (ги чита соодветните стихови):

> „Во него ја претстави рудана нива, орницана мрсна,
> ширна изорана триш, а во оваа орачи многу;
> ѕевгари вртејќи они ги воделеваму и таму.
> Кога ќе свртеле тие и стигнале орница до крај,
> . . . . . . . они се враќале в бразди
> сакајќи до крај да дојдат на долгата широка нива".

Наставникот:

Што забележувате од овие стихови?

Ученик:

Се гледа дека тие ја ценеле „орницана мрсна", што ќе рече, плодната нива. Освен тоа, тие ги обработувале нивјето со рало, влечено од добиток, а нивјето дури биле „изорани триш", т. е. трипати.
Ученик (побуден од интересноста на прашањето):

Дали преорувањето на нивата повеќе пати, значело дека Старите Грци имале поголеми знаења во начинот на обработувањето на земјата?

Наставникот:

Не би можело тоа да се претположи. . . Ова што нивата била „изорана триш" било од причина што ралото им било примитивно (дрвено) и симнувало тенок слој од земјата, та затоа орањето морало да се повтори по три, дури и по четири пати. А што забележувате уште од описот на штитот?

Ученичка:

Зад оваа нива ораница како да „се гледа" друго поле на кое се жние Овде посебно треба да се обрне внимание на начинот како во тоа време се жниело, како се врзувале снопјето, кој ги собирал ракатките. . . еве ги и стиховите (ги чита и по барање на наставникот):

> „Стори и поле со високо жито, а жетвари онде
> жниеле, в раце држејќи ги оние српови остри.
> Полози паѓале чести по браздата по земји едни,
> другите с врски од слама врзувачи врзувале в снопја,
> тројца врзувачи оделе по нив, а одзади уште
> береле ракатки деца и в раце носејќи ги они
> што ги давале нив, а господарот сред ними молком
> скиптар држејќи со весело срце на браздата стоел."

Наставникот:

На овој опис на жетвата не би имало што да се додаде. Како што гледате мнозина жетвари го жнијат „високото жито со „српови остри" оставајќи ги полозите на земја. Децата ги собирале ракатките, давајќи им ги на врзувачите на снопјето.

Ученик:

Изгледа дека немало голема разлика помеѓу тогашниот и денешниот начин на жниењето!

Наставникот:

Навидум, така изгледа. На пример, има некои работни процеси што и ден денес се изведуваат со рачни орудија и алати, како што е употребата на чеканот, потоа, сечењето на лебот, месото и друго со нож, сечењето на дрвото со пила, па, и жниењето со српот... Меѓутоа, не треба да се губи од предвид дека тие работни процеси се вршат таму, каде што машината се уште не продрела. Тогашните луѓе, освен чеканот, пилата, ножот, српот и другите рачни алати не ги познавале поусовршените денешни „алатки" како што се на пример, земјоделските машини (жнеачките, вршалките или комбајните). Покрај тоа, обработувањето на земјата тогаш било многу тешко. Имајте предвид и тоа дека поради тогашното примитивно рало нормата на работата била многу висока. На пример, еден економист пресметал дека тогаш, едно рало, со ѕевгар волови, разорувало на ден само 1/3 од хектар со длабочина од 25 см. А ако кон тоа додадеме дека во тоа време вршеле со волови, и млеле со рачни млинови бидејќи воденицата не била позната, тогаш е јасно дека не можеме да ги споредуваме некогашните, со денешните производни сили на човекот.

Ученичка: (го прашаше наставникот):

Мене ме интересира она место од овие стихови, кајшто се вели: „... а господарот сред нив, молком скиптар држејќи и со весело срце на браздата стоел"?

Наставникот:

Дали може некој да и одговори на вашата другарка?

Ученик:

Овде јасно се гледа дека Хомер ни го претставува и опишува самиот големопоседник на кого што му припаѓа земјата и на кого што му работат овие луѓе...

Наставникот:

Да. Овде веќе навлегуваме и во прашањето за односите на луѓето што во тоа време ги имале во процесот на производството. Како што гледате, во тогашна Стара Грција, веќе има вакви големопоседници: тие ја сочинуваат таканаречената родовска аристократија. (Според Хомера такви аристократи биле и Ахил и Хектор и Одисеј и другите херои за кои тој пее.) Оние пак, луѓе, што работаат на имотот на овие големопоседници, се наемници (аргати), кои се осиромашувале се повеќе, останале без земја и биле во се поголема зависност од големопоседниците. Како што гледате, во прво време не се употребувал масовно трудот на робовите.

Ученик: (праша):

Овде стои дека „господарот држел скиптар в рака. . .": што е тоа „скиптар"?

Наставникот:

Скиптарот се појавил како знак на достоинството на некогашните племенски старешини: тие најнапред се изработувани од камен, а и од друг тврд материјал. Овде скиптарот го означува господарот — сопственик, кој раководи со процесот на работата и како што чувте, во самите стихови, „. . . тој се радува со своето срце. . ." (Потоа упативме прашање до учениците): А дали од стиховите се подразбира дека сопственоста на аристократите се состоела само во нивје?

Ученичка:

Во сопственоста на таа аристократија не спаѓале само нивјето, туку и лозјата и големи стада добиток. Тоа мошне јасно се заклучува од следниве Хомерови стихови, со кои се опишува лозјето:

> „Претстави уште и големо лозје, товарено с грозје,
> прекрасно златно; а на него биле гроздовине црни;
> стоело потпрено она со сребрени одреда кольа.
> Ендек од челик наоколу син и ограда турил
> сета од калај, сал една кон лозјето врвица била,
> ваму да берачи врват, грозјебрање кога ќе дојде.
> Девојки млади и момци. . .
> в плетени кошнички грозје го носеле медниот плодец".

Наставникот: (по овие стихови, го поставивме следново прашање):

Што можеме да заклучиме од овие стихови?

Ученик:

Ова несомнено говори и за тоа дека кај Старите Грци уште во рани времиња било развиено одгледувањето на виновата лоза, особено со оглед

на поволните климатски услови кои влијаеле за нејзиното одгледување и распространување.

Наставникот (овде моравме да го дополниме одговорот):

Секако, Старите Грци, а подоцна и Римјаните, придонесле да се прошири одгледувањето на виновата лоза и северно од Грција, по крајбрежјето на Јадранското Море, речиси, на целиот Балкан. Освен лозата одгледувале јаболка, круши, калинки и маслинки. . . (Веднаш по тоа поставивме и прашање:) А дали Старите Грци го познавале само земјоделството?

Ученик:

Кај нив особено било развиено и сточарството. Мене ова посебно ме заинтересира. . . од овие Хомерови стихови, ние можеме приближно да си ја претставиме секојдневната слика на пасиштата на некогашна Грција. (Бараме од ученикот да ги прочита соодветните стихови:) Еве како според Хомер, „мајсторот Хефест", го претставил тоа на штитот (ги чита стиховите):

„Претстави. . . и стадо правороги крави згора:
кравине биле од злато направени се и од калај;
мукајќи од брлог тие се брзале в пасиште надвор,
покрај жуберливата река и покрај шушливи трсје.

Златни говедари по нив со кравине оделе назад
четири, зад нив пак девет брзоноги следеле песој."
„. . . и пасиште стори ракотворец преславен Хефест,
големо и прекрасно долче и овци со бело руно,
после и трла, и мандри и колиби горе со покрив."

Друг ученик, заинтересиран од прочитаното, го додаде дека му направила впечаток сцената во која Хомер многу живо опишува како дивите зверови, т. е. лавови-арслани, ја напаѓаат стоката. Побаравме и од него да ги прочита тие стихови.

Ученик (чита):

„Арслана страотни два меѓу првите говеда напред
зграпчиле рикача бика, што далеку зарикал кога
тие го влекле, а по ними трчале пци и момци.

Откако двата му содрале кожа на голема бика,
голтале црева и црна крв, а говедари по нив
попусто трчале тогај силејќи ги пцине брзи;
они се плашеле зар да ги каснат, арсланите силни,
иделе сосем близу и лаејќи бегале назад."

Наставникот:

Да, сакате да кажете дека тогаш една од опасностите за стадата биле и лавовите.

Ученик:

Како тоа, па во денешна Грција и Мала Азија не живеат лавови?

Наставник:

Тоа е несомнено интересно прашање. Во „Илијада' и „Одисеја за лавот многу често се споменува и на други места. Дури и кај некои други старогрчки писатели се говори за овие зверови. Значи не е мала веројатноста дека во јужниот дел од Балканскиот Полуостров и во Мала Азија тогаш имало лавови кои подоцна биле уништени или изумреле. Луѓето тогаш многу тешко ја одгледувале стоката, зашто освен болестите била развиена и пљачката на стадата говеда, овци и друг добиток.

Ученик: (ги потсетува сите во класот):

Се сеќавам дека за такво грабање на туѓа стока се говори и во оваа, XVIII-та песна на „Илијада".

Наставникот (го потврдува реченото од ученикот и продолжува):

Значи од ова можеме да заклучиме дека освен земјоделството, и сточарството било едно од основните стопански гранки кај Старите Грци.

Меѓутоа, поразвиеното земјоделство, а и сточарството, веќе создаваат можности за развој на одделни занаети, кои се одделуваат од земјоделството и и сточарството. Од нив најрано се издвоил ковачкиот занает — таа „старинска металургија", — како што го викаат некои.

Не само од ова, туку и од други места од овие песни, како и од археолошките наоди е утврдено дека Старите Грци ги познавале првобитните метали, како и техниката на нивната обработка.

Пред се, куциот Хефест, — богот на ковачкиот занает и огнот, за кого што ни пее Хомер, е замислен во претставите и верувањата кај Старите Грци како голем мајстор на ковачкиот занает. Впрочем, вие сте можеле да констатирате дека зад Хефест се кријат вистинските мајстори — ковачи.

Ученичка (го дополнува наставникот):

Интересен е описот на ковачката работилница на Хефест во која имало меови, околу дваесетина топила за топење на рудата и металите, потоа, наковална, чекан и други алатки. Еве на пример, како Хомер „го опишал начинот кога Хефест отпочнал да го работи штитот: (ги прочита бавно и разбирливо стиховите):

„. . . . . . до меови појде;
овје кон огнот ги сврте и нареди да работаат.
Меови в топила двајсет започнаа сите да дуваат
*и разновиден ветер да испуштаат лесно што пали,*
Бакар во огнот тој кладе нерастоплив многу и калај,
и скапоцено злато и сребро, а после тој стави
на наковалник вељо наковало, в раце го зеде
тешкиот чекан во една, а клешти пак зеде во друга."

Наставникот:

Во ковачките работилници, покрај оружјето, се изработувале орудија и други алати. Сепак, во прво време, вакви занаетчиски работилници биле ретки, така што занаетчиите се повикувани по домовите каде што тие доаѓале со своите алати и го работеле порачаното.

Треба да го одбележиме и уметничкиот украс на изработеното оружје и другите предмети на што и денес се во одушевуваме. Имено, некогашните ковачи биле истовремено и мајстори кои знаеле уметнички да ги украсат своите производи (а „таков бил" и идеализираниот „олимписки ковач — уметник" куциот Хефест.) И денес кога ги набљудуваме вајарските и другите уметнички творби на Старите Грци, во нив — како и на Ахиловиот штит-наоѓаме мирни и драматични и напнати призори што ги возбудуваат нашите чувства. Затоа, вакви и слични места во Хомеровите спевови говорат дека генијалниот поет бил под влијание на уметничките дела на своите современици — мајстори. Подоцна, самите мајстори пак биле под влијание на одделните херои и сцени од големото и незаборавно дело на Хомера и ги претставувале на своите производи. На тој начин тие ја оживувале и овековечувале традицијата за Тројанската војна и на најзините херои.

Ученик (кој во почетокот на часот беше поставил прашање, при крајот на часот се јави):

Освен тоа, на штитот „се претставени" и два града. Додека граѓаните на едниот град се бранат од напаѓачите што ја опсадиле крепоста, сликата на другиот град е сосем поинаква — мирнодопска. Во него кипти животот: таму се прикажани свадбени свечености и обичаи, игри и друго, а на другата страна граѓаните се собрале на едно судење.

Наставникот: (со инсистирање):

Прочитај ги токму тие стихови за судењето. Да видиме какво било тоа судење!

Ученикот (ги чита бавно и разбирливо стиховите):

„Мажине в сред град пак собрани биле и онде се врева
кревала; двајца зар мажи се карале поради глоба
з' еден убиен маж. . ." — и понатаму: (продолжува)
— — — — — — — — — — — — — — — — — — —
„гласници народон пак го смирувале; старешините онде
на изгладени седеле камни, во светото коло.
в рацете држеле скиптри. . .
после станувале сред нив и заемно суделе ними."

Наставникот:

Да. Овде е претставена една судска сцена. Како што чувте, судењето било поради глобата за убиство. Таа глоба е всушност крварина — свеж остаток од крвната одмазда, која била распространета во родовско-племенското општество.

Исто така, за одбележување е што при судењето, народот масово учествувал; тоа потсетува на народното племенско собрание, на кое некогаш се решавало за сите поважни работи. Меѓутоа, како што чувме, народот овде немал збор, него „гласници го смирувале", а како судии се јавуваат старешините, кои кога судат, исто така ги држат скиптрите в раце, како што тоа веќе го констатиравме. Конечно тие ја определувале казната.

На крајот, врз основа на водениот разговор со учениците, со помошта на наставникот, се извлекоа односно се формулираа следниве заклучоци, кои учениците ги запишаа во своите тетрадки; а имено: дека Хомер „ни помогна" поодблиску да се запознаеме со животот на Старите Грци, како тие, пред околу 3000 години ја обработувале земјата (како орале и жниеле), како одгајувачи на виновата лоза и како сточари. Исто така, одбележивме дека тогаш веќе се одделуваат не само ковачкиот туку и другите занаети, како посебна нова поделба на трудот. На овој степен на развиеноста на земјоделството. и сточарството, како и со појавата на занаетчиството, веќе е нарушена родовско-племенска демократија: во ова „Хомерово" старогрчко општество, покрај заедничката земја и стока, има и таква земја, стока, а и други богатства, кои како приватна сопственост, се наоѓаат во рацете на големопоседниците — аристократи. Како што видовме, на нивјето, лозјата на овие големопоседници, работат осиромашените луѓе наемници) — нивниот број не бил мал: поради неразвиените алатки и примитивниот начин на обработување на земјата, требало да работат повеќе орачи, жнеачи, пастири, бидејќи разбравме дека и на стоката и се заканувале повеќе опасности, како од ѕверовите така и од ограбување. Со оглед на ваквите имотни разлики, големопоседничката аристократија, постепено го зајакнува својот авторитет. . . не само при вршењето на судските, туку воените, верските и други должности во заедницата. Тие постепено го заобиколувале народното собрание, кое почнало да ја губи својата поранешна улога. Тој развиток ќе доведе до раслојувањето на старогрчкото општество на господаречка и угнетена класа. А на аристократските нивје, лозја, на ливаѓето и во занаетчиските работилници, ќе работат, односно стоката ќе ја чуваат се поголем број на воени пленици или некогашните наемници, кои на сила ќе бидат претворени во робје. Некогашните племенски населби — полисите, ќе се претворат во робовладетелски градови—држави, од кои најзначајни беа Спарта и Атина, кои во историјата на Стара Грција играле значајна улога.